Врз основа на член 18 од Законот за здруженија и фондации 2010 („Сл.весник на РМ" бр.52/2010) и одлуката за основање на Здружението на граѓани ЕКО СМАРТ с.Стар Караорман Штип. Основачкото собрание на здружението, на седницата одржана на ден.11.07.2018 година го донесе следниов:

# С Т А Т У Т
на
Здружение ЕКО СМАРТ с.Стар Караорман Штип

## Општи одредби

**Член 1**

Здружението на граѓани ЕКО СМАРТ с.Стар Караорман е доброволно, непрофитно, невладино, непартиско здружение на граѓани, формирано со слободно здружување на граѓаните заради остварување, заштита и усогласување на своите интереси, унапредување на граѓанското општество и локалните заедници, зајакнување на економски развој на територијата на Македонија и пошироко, во согласност со Уставот и Законите.

**Член 2**

Граѓаните се здружуваат во Здружението со цел поголема примена на сончевата енергија, енергетска ефикасност, едукација за граѓаните и помош на МСП, примена на едукативна опрема за образованието, изработка на проектна документација, организирање настап на саеми и друго.

**Член 3**

Здружението дејствува на територијата на Репубика Македонија.

Здружението може да соработува со организации, здруженија, фондации и институции, да членува во асоцијации во земјата и странство.

**Член 4**

Здружението своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со овој Статут, законите и Уставот на Република Македонија.

**Член 5**

Називот на здружението на граѓани е: Здружение на граѓани ЕКО СМАРТ с.Стар Караорман Штип.

Скратениот назив е: ЕКО СМАРТ с.Стар Карорман Штип.

Седиштето е во с. Стар Караорман (населено место без уличен систем) Штип.

**Член 6**

Здружението има својство на правно лице со права обврски и одговорности кои произлегуваат од овој Статут и законските прописи.

Здружението го застапува Претседателот.

Здружението има свој печат и штембил.
Печатот е тркалезен и го содржи називот на здружението.
Штембилот на Здружението е правоаголен го содржи називот , број, дата и место.

## Цели и задачи на Здружението

### Член 7

Основни цели и задачи на Здружението се:

1. Подигање на свеста кај граѓаните за поголема употреба - примена на сончевата енергија во секојдневниот живот, бидејќи со тоа се постигнуват низа од заштеди за самите граѓани и нивните домакинства.
2. Едукација на граѓаните за корисноста на примената на сончевата енергија низ разни форми на нејзино искористување.
3. Организирање на семинари - едукација на граѓаните за сето погоре наведено.
4. Медиски настапи на Здружението за промоција на Програмата и целите на Здружението.
5. Организирање на обуки за граѓаните за користење на сончева енергија во земјоделието.
6. Организирање на едукативни обуки за средни училишта, околу примена на сончевата енергија, видови на сончеви системи и нивно одржување.
7. Организирање на обуки за монтажери на сончеви системи за термални соларни системи и за фотонапонски сончеви системи
8. Организирање на едукативни обуки за основни и средни училишта, околу основна примена на сончевата енергија.
9. Организирање на едукативни обуки наменети за Технички универзитети училишта околу примена на сончевата енергија и алатки за проектирање.
10. Овозможува соработка помеѓу македонските фирми (производители, проектанти, изведувачи, увозници, сервисери), стручњаци и научници, техники и технологии, истражувања и развој, промоција на сончевата енергија, мерење и мониторинг на работата на сончевите системи.
11. Помош на мали и средни претпријатија, изработка на бизнис планови, заштита на интелектуална сопственост, организирање настапи на саеми и др.

### Член 8

Своите цели и задачи здружението ги остварува преку утврдена Програма за работа, односно преку следниве активности:

- Подигање на свеста кај граѓаните за поголема употреба - примена на сончевата енергија во секојдневниот живот бидејки со тоа се постигнуват низа од заштеди за самите граѓани и нивните домакинства.
- Едукација на граѓаните за корисноста на примената на сончевата енергија низ разни форми на нејзино искористување. Организирање на семинари за едуказија на граѓаните за сето погоренаведено. Медиски настапи на Здружението за промоција на Програмата и целите на Здружението.
- организирање на обуки, семинари и друг вид на активности.
- поттикнување на иницијативи кај надлежните органи и институции во насока на остварување на целите на Здружението;
- врши и други работи предвидени со овој Статут;

## Членување

**Член 9**

Член на здружението ЕКО СМАРТ може да биде секој полнолетен граѓанин, државјанин на Р.Македонија и/или странец.

Зачленувањето во Здружението се врши со пристапница.

Здружението за своите членови води регистар на членство кој се ажурира еднаш годишно. Податоците од регистарот се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицирани информации.

**Член 10**

Членот има право да бира и да биде биран во органите на Здружението, да учествува во работата на Здружението, да придонесува во развојот, промовирање и популарноста на Здружението, доброволно да се откаже од членувањето, да ги изнесува своите ставови по поставени прашања.

**Член 11**

Членовите на Здружението се должни:

- да го почитуваат Статутот,
- да присуствуваат на состаноците, да доставуваат податоци и извештаи за работата на Здружението во остварувањето на целите на Здружението.
- да ги извршуваат активностите предвидени со Програмата за работа.

**Член 12**

Членството во Здружението може да престане:

- по барање на членот на Здружението,
- ако не го почитува Статутот и обврските кои произлегуваат од него,
- ако дејствува против целите на Здружението,
- ако не ја плаќа редовно членарината,

Одлука за престанок на членството во Здружението донесува Извршниот Одбор на Здружението.

## Јавноста во работата

**Член 13**

Работата на Здружението е јавна. Членовите и пошироката јавност ќе бидат известени преку нејзината веб страница за работењето и активностите на Здружението, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување извештај за работа на органите и телата на Здружението, за материјално–финансиско работење и друго. За информирање на членовите за состаноци ќе се користи интернет страница, социјалните мрежи, е-маил пораки и друго.

## Финансирање на здружението

**Член 14**

Здружението остварува средства од:

- членарина, донации, грантови, доброволни прилози,
- од други извори предвидени со Законот и Статутот

**Член 15**

Користење и располагањето со средствата на Здружението добиени по основите од претходниот член се врши на начин утврден со овој Статут и останатите законски норми, утврдени со финансискиот план и врз основа на валидни документи.

**Член 16**

Здружението донесува годишен финансиски план за приходите и расходите на Здружението согласно член 16 од Статутот, како и расходите за општествената активност, плати на вработените, материјали, трошоци за работа на Здружението и други расходи сврзани со работата на Здружението. Финансискиот план може во секое време да се измени.

## Органи на Здружението

**Член 17**

Органи на ЕКО СМАРТ се:

1. Собрание
2. Претседател
3. Извршен одбор
4. Надзорен одбор

### Собрание на здружението

**Член 18**

Собранието е највисок орган на Здружението и го сочинуваат сите ченови.. Собранието избира Претседател со мандат од 4 години со право на повторен избор. Претседателот го застапува и претставува Здружението. Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

Собранието работи согласно одредните од ЗЗГФ.

**Член 19**

Седници на Собрание свикува Претседателот на Собранието по сопствена иницијатива. Седници на Собранието се свикува и по предлог на Извршниот одбор на Здружението или на 1/5 од вкупниот број членови на Собранието. Ако претседателот на Собранието во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Извршниот одбор или иницијаторите. Седницата на Собранието за работа на Извршниот одбор може да се свика и по предлог на надзорниот одбор.

**Член 20**

Собранието на Здружението од редовите на своите членови избира Извршен одбор, Претседател на Извршниот одбор истовремено е и Претседател на Здружението.

**Член 21**

Собранието може полноправно да одлучува ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број членови. Собранието по правило одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови. На собранието се одлучува со јавно гласање, но по потреба и на предлог од 1/3 од членовите, гласањето може да биде и тајно.

Членовите на Собранието во секое време треба да ги имаат целите и интересите на Здружението над поединечните или посебните цели на која и да е друга страна.

**Член 22**

Собранието ги врши следните работи:

- Донесува Статут на ЕКО СМАРТ и врши измени и дополнувања на истиот;
- Усвојува годишен извештај, насоки и план за работа,
- Усвојува завршна сметка и финансиски план,
- Одлучува за промена на целта на здружувањето
- Одлучува за основање и укинување на ограноци и други облици на организирање
- Одлучува за здружување или разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и меѓународни организации.
- Констатира прием на нови членови и престанок на членувањето;
- Избира Претседател на Здружението;
- Донесува програма за работа на Здружението;
- Избира и разрешува членови на Извршниот одбор;
- Го разгледува и усвојува извештајот за работа на Извршниот одбор помеѓу две собранија;
- Ја следи материјално финансиската состојба на Здружението помеѓу две собранија;
- Расправа за постигнатите резултати од развојот на Здружението и дава насоки за натамошен развој на Здружението;
- Донесува одлуки, заклучоци, препораки за решавање на прашања од интерес на Здружението;
- Избира и разрешува членови на Надзорниот одбор.
- Разгледува и одлучува врз основ на наодите на Надзорниот одбор.
- Одлучува за престанок на здружението со двотретинско мнозинство;
- Врши и други работи кои произлегуваат од Статутот и законите,
-

**Извршен обор**

**Член 23**

Извршниот Одбор е орган на Собранието во кој секој член има еднакви права, обврски и одговорности за работењето и развој на здружението во согласност на Статутот.

Член на Извршниот одбор се изема од гласање за прашања поврзани со него, со неговиот брачен другар или роднина до втор степен и за прашања кои се однесуваат на некое лице врз кое тој има контрола или економски интерес .

Извршниот Одбор брои три члена со мандат од четири години.

Претседателот на Здружението е истовремено по функција е и претседател на Извршниот одбор .

**Член 24**

Претседателот ги свикува седниците на Извршниот одбор, предлага дневен ред и ги раководи седниците. Во случај на отсутност на претседателот на Извршниот одбор на седницата го заменува еден од членовите на Извршниот одбор по предлог на претседателот. Претседателот е должен да свика седница на Извршниот одбор по потреба, но најмалку еднаш на 6 месеци или повеќе пати по барање на 1/2 од членовите на Извршниот одбор.

**Член 25**

Извршниот Одбор ги врши следниве работи:

- Ги подготвува седниците на Собранието, припрема материјали и одлуки за истите.
- Предлага измени и дополнување на Статутот;
- Ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени на Собранието;
- Формира Стручна служба, донесува акти со кој се уредува нејзиното работење и врши контрола на нејзината работа;
- Управува и одговара за управувањето со имотот на здружението;
- Донесува и реализира годишна програма за работа;
- Донесува соодветни правилници;
- Констатира прием на нови членови и престанок на членување доколку за тоа биде овластен извршниот одбор од страна на собранието;
- Донесува одлуки за формирање на постојани и повремени работни тела и комисии и ја насочува нивната работа;
- Донесува одлуки по приговори и жалби;
- Предлага и спроведува финансиски план и изготвува завршна сметка на Здружението;
- Врши и други работи кои произлегуваат од потребите на Статутот на Здружението и од Законот.

**Член 26**

Заради извршување на статутарните и програмските задачи и Одлуки на Собранието и Извршниот одбор, Извршниот одбор формира други работни тела.

**Надзорен одбор**

**Член 27**

Надзорниот одбор на Здружението брои 3 членови кои се избираат од редот членови на Собранието. Членовите на Надзорниот одбор во исто време не можат да бидат и членови на други органи на здружението. Мандатот на членовите трае 4 години.

Надзорниот одбор работи на седници. Седниците ги свикува претседателот и раководи со нив. Претседателот на Надзорниот одбор свикува седници најмалку еднаш годишно.

**Член 28**

Надзорниот одбор ги врши следниве работи

- Врши надзор на правилното спроведување и примена на одредбите од статутот и другите општи акти на Здружението;
- Врши надзор на извршувањето на одлуките на Собранието, Извршниот одбор и на другите тела на здружението;
- Врши надзор за наменско трошење на средствата;
- Еднаш годишно поднесува извештај за направениот увид;
- Предлага мерки за спречување и отстранување на неправилностите во работата;
- Врши и други работи согласно законот и актите на здружението;
- Своите одлуки надзорниот одбор ги доставува до Собранието и Извршниот Одбор

## Стручна служба

**Член 29**

За извршување на административно стручни, помошни и на нив слични работи од заеднички интерес за остварување на задачите и целите на Здружението се формира стручна служба. Организацијата и работата на Стручната служба се уредува со акти кои што ги донесува Извршниот одбор.

Работата, должностите, финансирањето и персоналниот состав на Стружната служба се уредува со Одлука на Извршниот одбор.

## Престанок на Здружението

**Член 30**

Здружението престанува со работа во следниве случаи:

- Ако за тоа се изјаснат 2/3 од членовите на Собранието на Здружението;
- Ако бројот на членовите се намали под бројот определен со Закон за основање на Здружение ;
- Ако настапат причини утврдени по член 63 од Законот за здруженија и фондации.

Одлука за престанок на Здружението донесува Собранието со двотретинско мнозинство.Основачите на здружението на граѓани ЕКО СМАРТ с.Стар Караорман имаат право да го укинат здружението.

**Член 31**

Во случај на престанок на работатата на Здружението, имотот и другите права и приходи што остануваат по намирувањето на обврските, преминуваат во сопственост на организација истоветна на здружението.

**Член 32**

Доколку неможат да се исполнат условите утврдени во Членот 46, во случај на престанување на работата на здружението неговиот имот преминува во сопственост на Република Македонија.

## Преодни и завршни одредби

**Член 33**

Толкување на одредбите на овој Статут дава Собранието на Здружението, а помеѓу две Собранија, Извршниот одбор на Здружението.

Измени и дополнување на овој Статут се вршат по иста постапка како и за неговото донесување.

Претседател на Здружението на граѓани ЕКО СМАРТ с.Стар Караорман Штип